**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1150**

**Скопје, 14 јули 2017 година**

## ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): дефендологија-50501, внатрешни безбедносни политики на ЕУ, заштита на културното наследство, родот, мирот и безбедноста, технолошка безбедност, мирот и евроатлантските интеграции-51511(друго) на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Зорица Салтировска)**............327-342
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини) класична археологија, грчка и римска култура, римска провинциска култура, археологија на Блискиот Исток: Египет, Месопотамија, Вавилон, Аситија, нумизматика: грчка и римска, нумизматика на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Антонио Јакимовски)**............343-355
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Родовата димензија на политичката партиципација во Европската Унија и Република Македонија** од **м-р Маја Манчевска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје..........................................................................................356-362
4. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Оливера Никодиновска, Нита Старова Спироска, ма Јакимовска, Сања Несторовска, Андреа Велинова, Бљерта Јакупи)**..........................................................................................363

## ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

1. Реферат за избор во звањето редовен професор во наставно-научните области: народна книжевност и теорија и историја на цивилизацијата, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Нина Анастасова Шкрињариќ)**..........................................................................364-390
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Топонимијата во Радовишко** од **м-р Зоран Спасовски,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје..........................................................................391-398
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Бојан Петревски)**..........................................................................................399
4. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(Мирјана Липковска, Маја Трајановска)**..........................................................................................400

## ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Данче Бошковски, Бошко Стојановски, Милена Петрушева, Јасемин Фејзула Имери, Јасна Сивевска, Кирил Самојловски, Александра Мизговска, Емилија Ѓорѓиовска, Васил Насковски, Мато Гласновиќ, Даниела Трајчевска, Ивана Вељаноска, Гордана Иловска, Мартин Арсовски, Маја Смилевска Кокаловиќ, Славица Јовановска Краљевска, Светлана Чивчиристова, Габриела Николовска, Јоана Станич, Елена Ивановска)**.................................401-405

## ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје **(Ивана Блажевска-Ристовска, Бисерка Велковска-Блажева, Благица Ангеловска, Даница Гавриловска)**..........................................................................................406-407

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ) :

## ДЕФЕНДОЛОГИЈА-50501, ВНАТРЕШНИ БЕЗБЕДНОСНИ ПОЛИТИКИ НА ЕУ, ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, РОДОТ, МИРОТ И БЕЗБЕДНОСТА, ТЕХНОЛОШКА БЕЗБЕДНОСТ, МИРОТ И ЕВРОАТЛАНТСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ – 51511(ДРУГО)

## НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во дневниот весник „Нова Македонија" бр. 24.038, година LXXIII од 3.5.2017 година, за избор на **наставник** во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): **дефендологија и друго (внатрешни безбедносни политики на ЕУ, заштита на културното наследство, родот, мирот и безбедноста, технолошка безбедност и мирот и евроатлантските интеграции)**, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот/Научниот совет, бр. 04-503/5, донесена на XXXVI редовна седница одржана на 1.6.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Синиша Даскаловски, редовен професор на Институтот за безбедност, одбрана и мир, д-р Митко Котовчевски, редовен професор на Институтот за безбедност, одбрана и мир, и д-р Тони Милески, редовен професор на Институтот за безбедност, одбрана и мир.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини): дефендологија и друго (внатрешни безбедносни политики на ЕУ, заштита на културното наследство, родот, мирот и безбедноста, технолошка безбедност и мирот и евроатлантските интеграции), во предвидениот рок се пријави вонр. проф. д-р Зорица Салтировска.

### 9. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката вонр. проф. д-р Зорица Салтировска е родена на 28.7.1964 година, во Скопје. Средно образование завршила во СМУ „Панче Караѓозов" во Скопје во 1982 година. Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како редовен студент на ННСГ за општонародна одбрана при Филозофскиот факултет во Скопје. Дипломирала на 12.3 1987 година, со просечен успех 8,55.

Во учебната 1991/92 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Филозофскиот факултет во Скопје Институтот за одбрана. Предвидените испити ги положила со просечен успех 8.25. На 9.5.1997 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Воената обврска во системот на одбрана на Република Македонија и ставовите на младинците кон воената обврска и се здобила со научно звање – магистер по одбрана и заштита.

Професионалната кариера д-р Салтировска ја започнала веднаш по дипломирањето работејќи како наставник по предметот Општонародна одбрана во МУЦ „Никола Тесла" во Скопје, од септември 1987 до јуни 1989 година. Од 15.12.1989 година започнува со работа како приправник на Катедрата за ОНО и ОСЗ при Филозофскиот факултет во Скопје. На 13.3.1991 година, со одлука на Советот на ООЗТ Филозофски факултет во Скопје, избрана е во звањето

помлад асистент, а по магистрирањето, на 19.11.1997 година, избрана е за асистент по предметот Одбрана и заштита на Катедрата за одбрана и заштита.

Докторска дисертација пријавила на 21.2.2001 година на Филозофскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Организација на пополнувањето на вооружените сили во функција на преструктурирањето на АРМ и мотивираност на младината за вклучување во вооружените сили ја одбранила на 15.6.2007 година, пред Комисија во состав: проф.д-р Митко Котовчевски, проф.д-р Трајан Гоцевски, проф.д-р Синиша Даскаловски, проф.д-р Зоран Нацев и доц.д-р Оливер Бакрески. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на одбрана.

На 15.10.2007 година е избрана во звањето доцент на Катедрата за одбрана во научната област (дисциплина) дефендологија. Во 2010 година се вклучува на Институтот за безбедност, одбрана и мир, каде што добива нови наставни предмети на чија подготовка активно работи и твори.

Во моментот е вонреден професор на Институтот за безбедност, одбрана и мир, во кое звање е избрана со Одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје на 24.10.2012 година. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр.1038/160 од 14.9.2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтениот бр. 694/121 од 3.11.1997, 764/9 од 16.10.2000, 836/239 од 30.9.2003, 929/126 од 1.11.2007 и 1038/160 од 14.9.2012 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, а потврдени во поднесената документација која е од важност за изборот.

## 10. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

<u>Наставно-образовна дејност</u>

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филозофски факултет – Скопје, кандидатката д-р Зорица Салтировска изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиските програми по безбедност, одбрана и мир на Филозофскиот факултет и на сите студиски програми на Машинскиот факултет по предметот Мирот и евроатлантските интеграции.

Кандидатката била ментор на еден дипломски труд, а учествувала и како член на комисија за оцена и одбрана на 11 дипломски и 3 магистерски трудова и 4 докторски трудови.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот**

Кандидатката д-р Зорица Салтировска, во периодот од последниот избор до денот на пријавата, активно работела на подготовка на материјали и литература за наставните предмети Мирот и евроатлантските интеграции и Внатрешни безбедносни политики на ЕУ, а по акредитацијата на новата студиска програма на Институтот за безбедност, одбрана и мир – Приватна и корпоративна безбедност, активно работи и на подготовка на наставниот предмет Технолошка безбедност.

**Научноистражувачка дејност**

Во периодот од последниот избор, д-р Зорица Салтировска развила богата научноистражувачка дејност која резултирала со публикување на повеќе научни и стручни трудови. Прегледот на доставената документација за научноистражувачката дејност на кандидатката покажува висок степен на ангажираност во повеќе научноистражувачки сфери. Д-р Зорица Салтировска има објавено вкупно 14 научни трудови од областа на безбедноста, одбраната и мирот, од кои 2 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 6 трудова со оригинални научни резултати објавени во научно-стручно списание со меѓународен уредувачки одбор, 4 труда со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор, 1 труд во зборник на трудови на в.о. институција и една монографија.

Д-р Зорица Салтировска била вклучена во еден национален и еден меѓународен научен проект како научен истражувач на прашањата и проблемите поврзани со креирање на родово одговорни политики и справување со насилството врз жените и децата:

-национален научен проект: **Родово одговорни буџетски анализи на локално ниво** (учесник-истражувач), ЦИКР, а во рамки на меѓународниот научен проект **Промоција на родово одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија**, UN Women, CRPM, Австриска развојна агенција и Швајцарска агенција за соработка и развој,(2013-2016);

-меѓународен научен проект: **„SE Europe Transnational CSO Coalition for Women and Child Protection Against Human Trafficking and Gender - based Violence- STOP"** (учесник-истражувач), IMPACT, Institute for Research and Social Innovation, funded by the Delegation of the European Union, under the reference: Europe Aid/150147/DH/ACT/PRAREG within the Civil Society Facility and Media Programme. (2016)

Кандидатката д-р Зорица Салтировска е автор на монографијата **Технолошкиот прогрес и безбедноста на луѓето,** во која прави анализа на поврзаноста на техничко-технолошкиот развој со воените и невоените аспекти на безбедноста на луѓето во новата безбедносна средина. Кандидатката констатира дека многу безбедносни закани неизбежно се поврзуваат со брзиот научен и технолошки развој кој не само што го промени начинот на војувањето, туку создаде можности за појава на нови опасности и безбедносни ризици или на постојните им го зголеми интензитетот повеќекратно. Следствено на ваквата констатација, кандидатката се осврнува и на современите конфликти, и на најкарактеристичните невоени безбедносни закани (според поврзаноста со технолошкиот и научниот развој) меѓу кои посебно ги издвојува сајбер-криминалот и информациската безбедност, (не)безбедноста поврзана со енергетските ресурси, деградацијата на животната средина и последиците по безбедноста и здравјето на луѓето, како и техничко-технолошките несреќи од кои акцентот е ставен на индустриските несреќи и катастрофи и потребата од корпоративно управување со ризиците од нив. (Технолошкиот прогрес и безбедноста на луѓето, Филозофски факултет, Скопје, 2017)

Во трудот **Човековите права и демократијата во надворешната политика на ЕУ,** д-р Салтировска прави осврт на инструментите и стратегиските определби на ЕУ за унапредување на човековите права и демократијата надвор од своите граници, на напредокот и главните достигнувања во спроведувањето на Акциониот план за периодот до 2015 година и предизвиците за периодот по 2015 година. При тоа истакнува дека ЕУ посветено и одговорно соработува со своите партнери, мултилатерални форуми и меѓународни организации на полето на човековите права и демократизацијата, интегрирајќи ги во својата надворешна политика, програми и проекти. Справувајќи се со најзначајните прашања во својата надворешна политика за човекови права, ЕУ стана еден од клучните актери на меѓународната сцена во нивното унапредување и заштита низ светот. („Human Rights and Democracy in EU Foreign Policy", (Author), Security Dialogues, vol.6,

number 1, ISSN 1857- 7172, eISSN 1857- 8055, Ss. Cyril and Methodius, University in Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace, 75-87.)

Предмет на интерес и анализа во трудот **Внатрешните безбедносни политики на ЕУ во превенцијата и справувањето со тероризмот** се местото и значењето кое тероризмот го има во политиките за внатрешна безбедност на ЕУ како и политиките, мерките и стратегиските определби за превенција и справување со него. Д-р Салтировска истакнува дека тероризмот е една од најитните стратешки цели во зголемувањето на внатрешната безбедност на ЕУ поради што вложува големи напори во преземањето конкретни дејствија и иницијативи во справувањето со оваа клучна закана за безбедноста на нејзините граѓани. Значаен сегмент во превенцијата и справувањето со тероризмот е полициската соработка, но за да бидат ефектите од таа соработка поголеми, мошне е важно националните казнени законодавства и решенија во однос на формалните полициски истраги и постапки да бидат воедначени и да се надмине недовербата помеѓу државите и резервираноста на некои држави во однос на интензивирање на полициската соработка. Според д-р Салтировска, во основата на сите напори на ЕУ во справувањето со тероризмот е зголемувањето на способностите на ЕУ за одлучна акција базирана на политики кои се пропорционални со веројатноста од случување на ризици од идни терористички напади. Во превенцијата фокусот треба да биде ставен на спречувањето на радикализацијата на тероризмот, регрутирањето на нови терористи, прекинување на терористичките мрежи и изворите за нивно финансирање, гонење и судење на терористите и јакнење на заштитата на инфраструктурата. („ Internal Security Policies of EU on Prevention and Combating Terrorism'', , International scientific conference „Macedonia and the Balkans, A Hundred Years After the World War I- Security and Euro-atlantic integrations'', COBISS.MK-ID 97703434, vol.2, University „St. Kliment Ohridski'', Bitola, 311-324)

Во трудот **Политиките на ЕУ за превенција и справување со насилството врз жените**, кандидатката д-р Зорица Салтировска дава преглед на законската поставеност и пристапот на ЕУ во решавањето на овој проблем, обемот и природата на насилството врз жените во ЕУ базирани на резултатите од истражувањето на Агенцијата за фундаментални права на ЕУ, спроведено во 2014 година во сите држави членки на ЕУ, и укажува на потребата од нов стратегиски пристап на ЕУ во справувањето со насилството врз жените. Д-р Салтировска констатира дека објавените резултати од истражувањето предизвикуваат сомнежи во ефикасноста на постојната политика и законска регулатива и ја исфрлија на преден план потребата од нов пристап кон овој проблем, изградба на нови политики и развивање нови специфични акциски планови кои треба да ја зголемат ефикасноста на практичните резултати и нивната одржливост. („EU Policies of Prevention and Dealing with the Volence against Women'', (Author), Security Dialogues, vol.6, number 2-1, ISSN 1857- 7172, eISSN 1857- 8055, Ss. Cyril and Methodius, University in Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace, 413-427.)

Во трудот **Родовата димензија на семејното насилство во Република Македонија**, кандидатката д-р Салтировска укажува на тоа дека родово базираното насилство е глобален феномен кој го опфаќа и семејното насилство, од кое најчести жртви се жените, поради што станува синоним за насилство врз жените. При тоа, државите не смеат да го третираат како семеен и приватен, туку како јавен проблем со тешки финансиски, општествени и други последици и да му пристапат како на безбедносен проблем за чие решавање се потребни ефикасни политички и практични мерки. Во Република Македонија, иако жените се најчести жртви на семејно насилство, дефинициите во законската регулатива не го определуваат како родово базирано насилство, па според тоа ниту како специфична форма на дискриминација на жените. Бројот на изречени мерки и казни за сторителите е незначителен што создава простор за повторено насилство, недоверба во надлежните институции и служби, непријавување на насилството и голем број скриени жртви без никаква помош и заштита. Поради тоа, државата треба да го зајакне пристапот кон овој проблем и да интервенира во неговото поефикасно превенирање и санкционирање на строрителите. („ Gender

Dimension of Domestic Violence in the Republic of Macedonia'', Contemporary Macedonian Defence, vol.15, ISSN 1409- 8199, Ministry of Defence Republic of Macedonia, 65- 79.)

Трудот „Положбата на жените во современите армии" ја анализира родовата поставеност во современите армии и родовите разлики во воената сфера. Д-р Салтировска констатира дека, и покрај достигнатата релативно задоволувачка формална родова еднаквост во поглед на можностите за вклучување во армиите, сè уште постојат дискриминаторски ставови, негативни стереотипи за учество на жените во армиите и нерамноправна поделба на улогите која ги спречува жените целосно да ги искористат своите можности за напредување рамноправно со мажите. Разликите во улогите не се одраз на објективните тешкотии за вклучување на жените во борбените улоги, туку се резултат на идеолошките конструкции на женскоста и машкоста во општеството. Тоа значи дека причината не е воена туку културна и општествена. Во АРМ е направен крупен чекор во зголемувањето на половата рамноправност, има добра законска основа и програми за иден развој, но потребна е поголема свест за потребата од нивно доследно имплементирање во практиката без отстапувања од зацртаните цели и очекувани резултати. („ The Position of Women in the Modern Army'', Contemporary Macedonian Defence, vol.13, ISSN 1409- 8199, Ministry of Defence Rebublic of Macedonia, 165- 173. )

Во трудот **Законска и институционална функционалност во заштитата на жените-жртви на семејно насилство во Република Македонија состојби и перспективи**, д-р Зорица Салтировска прави анализа на правната и институционалната рамка на Република Македонија за правата и заштитата на жените- жртви на семејно насилство, како и на детектираните суштински недостатоци на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и на институциите надлежни за негова имплементација и пружање заштита на жртвите. При тоа констатира дека постоечката правна рамка има бројни недостатоци и не овозможува задоволителна ефикасност во спроведувањето на мерките за заштита на жртвите од семејно насилство. Загриженост постои и поради недоследната имплементација на законските решенија за оваа проблематика и недоволните капацитети за спроведување на заштитните и превентивните мерки. Тоа резултира со непрепознавање на сите форми родово базирано насилство, низок степен на осудени сторители на семејно насилство, недоволна поддршка на жртвите, недостиг од системско водење на податоци за состојбата со семејното насилство во државата и многу други проблеми кои упатуваат на неадекватна заштита и третман на жените – жртви на семејното насилство. („ Legal and Institutional Functionality in the Protection of Women- Victims of Domestic Violence in the Republic of Macedonia- Present Situation and Future Perspectives'', 5 Scientific journal with Impact Factor: EUSER, EUROPEAN JOURNAL OF SOCIAL SCIENCES EDUCATION AND RESEARCH, Vol.10, Nr.2, ISSN 2411-9563, May August 2017, 131-140.)

Во трудот **Развој на приватната безбедност и дилемите поврзани со ефектите од приватните безбедносни услуги**, д-р Салтировска се фокусира на причините и тенденциите во развојот на приватната безбедност, како и на предностите и ризиците од користењето на приватните безбедносни услуги. Врз основа на направената анализа во трудот, д-р Салтировска констатира дека улогата на приватните безбедносни услуги во современата ера е не само поразлична од онаа во минатото, туку станува и сè позначајна, а корисници се и државните и недржавните актери. Асортиманот на приватните безбедносни услуги е голем, па приватизацијата на безбедноста стана тренд во развојот на концептот за безбедност воопшто. Сепак, сè уште има многу нејаснотии, недоречености, контраверзни искуства и скептицизам во однос на позитивната улога која ја имаат приватните воени компании. Постојат бројни дилеми поврзани со нивните услуги на кои д-р Салтировска посебно дава осврт и ги потенцира позитивните и негативните моменти поврзани со секоја дилема поединечно. На крајот д-р Салтировска заклучува дека, без оглед на дилемите кои се присутни, глобалната побарувачка на приватните безбедносни услуги и понатаму ќе се зголемува. За да се одбегнат можните опасности кои произлегуваат од нерегулираната приватизација на безбедноста, мора да се зајакнува легитимноста на приватните

безбедносни компании, а нивниот кадар да работи според професионални, етички и легални стандарди и со тоа да ја зголемува меѓународната прифатеност на своите услуги. („The Development of Private Security and the Dillemas Surrounding the Effects of Private Security Services'', Security Dialogues, vol.7, number 2, ISSN 1857- 7172, eISSN 1857- 8055, Ss. Cyril and Methodius, University in Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace, 81-93.)

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот**

Во периодот од последниот избор, д-р Зорица Салтировска учествувала на 5 меѓународни научни конференции на кои презентирала свои трудови втемелени на сознанијата добиени преку богатата научноистражувачка дејност.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Во периодот 2012-2017 година, д-р Зорица Салтировска остварила активности и во стручно- апликативната дејност. Автор е на стручната монографија **Внатрешна безбедност на Европската Унија,** во издание на Филозофскиот факултет во Скопје во 2015 година. Станува збор за научен труд од областа на безбедноста, одбраната и мирот, со елементи на интердисциплинарен пристап во обработката на една извонредно значајна тема, особено поради определбата на Република Македонија за членство во Европската Унија. Во трудот, д-р Салтировска обработува клучни прашања за внатрешната безбедност на Унијата, при што прави анализа на сегментите од договорите на ЕУ поврзани со нејзината внатрешна безбедност и развојот на концептот за Европа како единствена област на слобода, безбедност и правда. Во клучниот дел на трудот се обработени стратегиите и политиките на ЕУ за внатрешна безбедност, внатрешно безбедносниот модел и стратегиските концепти на ЕУ за справување со дефинираните клучни закани за нејзината внатрешна безбедност. На крајот, во трудот е дадена анализа на достигнувањата на ЕУ во спроведувањето на зацртаните цели во стратегиските концепти за внатрешна безбедност за дадениот период и идните предизвици во одржувањето и јакнењето на внатрешната безбедност. Трудот нуди можности и насоки за нови истражувања и континуирано збогатување и надградување на опфатените содржини и претставува значаен придонес во научната мисла од областа на безбедноста и одбраната.

Од дејностите од поширок интерес, д-р Зорица Салтировска била вклучена во работата на организациски одбори на меѓународни/ стручни собири:

- International Scientific Conference: „Contemporary Security Paradigms and Challenges: Theory and Practice'', Ohrid, 18-19 September, 2015, Faculty of Philosophy, Institute for security, defence and peace studies, Skopje.
- International Scientific Conference: „Gender Equality and Gender Perspective in Defence and Security'', Skopje, 23-24 April 2013, Ministry of defence Republic of Macedonia.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Зорица Салтировска, во 2014 година, доби позитивна оценка ( 9,9167 ) од анонимно спроведената анкета на студентите на Институтот за безбедност, одбрана и мир Филозофски факултет.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Зорица Салтировска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Зорица Салтировска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето **редовен професор** во научните области дефендологија и друго (внатрешни безбедносни политики на ЕУ, заштита на културното наследство, родот, мирот и безбедноста, технолошка безбедност и мирот и евроатлантските интеграции).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, **д-р Зорица Салтировска** да биде избрана во звањето **редовен професор** во научните области: **дефендологија и друго (внатрешни безбедносни политики на ЕУ, заштита на културното наследство, родот, мирот и безбедноста, технолошка безбедност и мирот и евроатлантските интеграции**).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Синиша Даскаловски**
**с.р.**

**Проф.д-р Митко Котовчевски с.р.**

**Проф. д-р Тони Милевски**
**с.р.**

*Анекс 2*

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

**вонр. проф. д-р Зорица Јован Салтировска**

(име, татково име и презиме)

**Институција:**

**Филозофски факултет Скопје, Институт за безбедност, одбрана и мир**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:**

**дефендологија и друго (внатрешни безбедносни политики на ЕУ; родот, мирот и безбедноста; заштита на културното наследство; мирот и евроатлантските интеграции)**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | **Назив на активноста (наставно-образовна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| | Одржување на настава (предавања) од прв циклус студии | |
| 1 | 2012/13, зимски семестар (Заштита на културното наследство - 3+2; Родот, мирот и безбедноста – 3+3; Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+3; Мирот и евроатлантските интеграции – 1+0) = 10 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 6,00 | 6,00 |
| 2 | 2012/13, летен семестар (Дефендологија – 2+1; Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1 ) = 3 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 1,80 | 1,80 |
| 3 | 2013/14, зимски семестар (Заштита на културното наследство - 3+2; Родот, мирот и безбедноста – 3+3; Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+3 ) = 9 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 5,40 | 5,40 |
| 4 | 2013/14, летен семестар (Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1) = 1 час неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 0,60 | 0,60 |
| 5 | 2014/15, зимски семестар, (Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+3 ; Родот, мирот и безбедноста – 3+3 ) = 6 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 3,60 | 3,60 |
| 6 | 2014/15, летен семестар (Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1) = 1 час неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 0,60 | 0,60 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 7 | 2015/16, зимски семестар (Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+3; Заштита на културното наследство – 3+1) = 6 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 3,60 | 3,60 |
| 8 | 2015/16, летен семестар (Заштита на културното наследство - 4+2; Родот, мирот и безбедноста – 4+2; Родот, мирот и безбедноста – 3+1; Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1) = 12 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 7,20 | 7,20 |
| 9 | 2016/17, зимски семестар (Заштита на културното наследство - 3+1; Родот, мирот и безбедноста – 3+1; Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+1 ) = 9 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 5,40 | 5,40 |
| 10 | 2016/17, летен семестар (Заштита на културното наследство - 4+2; Родот, мирот и безбедноста – 4+2; Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+1; Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1) = 12 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 7,20 | 7,20 |
| | **Одржување на настава (вежби) од прв циклус студии** | |
| 1 | 2012/13, зимски семестар (Заштита на културното наследство - 3+2; Родот, мирот и безбедноста – 3+3; Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+3) = 8 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,03 = 3,60 | 3,60 |
| 2 | 2012/13, летен семестар (Дефендологија – 2+1; Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1; Дефендологија – 3+2 – две групи) = 6 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,03 = 2,70 | 2,70 |
| 3 | 2013/14, зимски семестар (Заштита на културното наследство - 3+2; Родот, мирот и безбедноста – 3+3; Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+3 ) = 8 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,03 = 3,60 | 3,60 |
| 4 | 2013/14, летен семестар (Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1; Воено политички групации и глобализацијата – 3+2) = 3 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,03 = 1,35 | 1,35 |
| 5 | 2014/15, зимски семестар, (Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+3 ; Родот, мирот и безбедноста – 3+3; Регионална безбедност – 3+2 ) = 8 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,03 = 3,60 | 3,60 |
| 6 | 2014/15, летен семестар (Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1) = 1 час неделно x 15 недели во семестар x 0,03 = 0,45 | 0,45 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 7 | 2015/16, зимски семестар (Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+3; Заштита на културното наследство – 3+1; Регионална безбедност – 3+2) = 6 часа неделно х 15 недели во семестар х 0,03 = 2,70 | 2,70 |
| 8 | 2015/16, летен семестар (Заштита на културното наследство - 4+2; Родот, мирот и безбедноста – 4+2; Родот, мирот и безбедноста – 3+1; Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1) = 6 часа неделно х 15 недели во семестар х 0,03 = 2,70 | 2,70 |
| 9 | 2016/17, зимски семестар (Заштита на културното наследство - 3+1; Родот, мирот и безбедноста – 3+1; Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+1 ) = 3 часа неделно х 15 недели во семестар х 0,03 = 1,35 | 1,35 |
| 10 | 2016/17, летен семестар (Заштита на културното наследство - 4+2; Родот, мирот и безбедноста – 4+2; Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+1; Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1) = 6 часа неделно х 15 недели во семестар х 0,03 = 2,70 | 2,70 |
| | **Подготовка на нов предмет:**<br>Мирот и евроатлантските интеграции (втор семестар, 2012/13)<br>Предавања – 1 поен, вежби – 0,5 | 1,50 |
| | **Консултации со студенти:**<br>1956 студенти х 0,002 = 3, 912 | 3,912 |
| | **Ментор на дипломска работа:**<br>1 х 0,2 = 0,2 | 0,2 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат:**<br>4 х 0,5 = 2 | 2 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура:**<br>3 х 0,3 = 0,9 | 0,9 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа:**<br>11 х 0,1 = 1,1 | 1,1 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | Вкупно | 75, 762 |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Учесник во национален научен проект:**<br><br>Проект: „**Родово одговорни буџетски анализи на локално ниво**". ЦИКП Консалтинг ДОО Скопје, НСРР, CRPM, UN WOMEN, во рамки на меѓународниот научен проект „**Промоција на родово одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија**", финансиран од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за соработка и развој. (2016) | 3,0 |
| 2 | **Учесник во меѓународен научен проект:**<br><br>Проект: „**SE Europe Transnational CSO Coalition for Women and Child Protection Against Human Trafficking and Gender - based Violence-STOP**". IMPACT, Institute for Research and Social Innovation, funded by the Delegation of the European Union, under the reference: Europe Aid/150147/DH/ACT/PRAREG within the Civil Society Facility and Media Programme. (2016) | 5,0 |
| 3 | **Монографија:**<br><br>(Автор) „**Технолошкиот прогрес и безбедноста на луѓето**", Филозофски факултет, Скопје, 2017 | 8,0 |
| 4 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно- стручно списание:**<br><br>**Saltirovska, Z.**, (2014), „**Создавање и развој на воена организација на македонското национално- революционерно движење во предилинденскиот и илинденскиот период**", (Author), Security Dialogues, vol.5, number 2, ISSN 1857- 7172, eISSN 1857- 8055, Ss. Cyril and Methodius, University in Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace, 113-129. | 4,0 |
| 5 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно- стручно списание:**<br><br>**Saltirovska, Z.**, (2015), „**Human Rights and Democracy in EU Foreign Policy**", (Author), Security Dialogues, vol.6, number 1, ISSN 1857- 7172, | 4,0 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | eISSN 1857- 8055, Ss. Cyril and Methodius, University in Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace, 75-87. | |
| 6 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно- стручно списание:**<br><br>**Saltirovska, Z.**, (2015), **„EU Policies of Prevention and Dealing with the Volence against Women"**, (Author), Security Dialogues, vol.6, number 2-1, ISSN 1857- 7172, eISSN 1857- 8055, Ss. Cyril and Methodius, University in Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace, 413-427. | 4,0 |
| 7 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно- стручно списание:**<br><br>**Saltirovska, Z.**, (2016), **„The Development of Private Security and the Dillemas Surrounding the Effects of Private Security Services"**, Security Dialogues, vol.7, number 2, ISSN 1857- 7172, eISSN 1857- 8055, Ss. Cyril and Methodius, University in Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace, 81-93. | 4,0 |
| 8 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно- стручно списание:**<br><br>**Saltirovska, Z.**, (2013), **„ The Position of Women in the Modern Army"**, Contemporary Macedonian Defence, vol.13, ISSN 1409- 8199, Ministry of Defence Rebublic of Macedonia, 165- 173. | 4,0 |
| 9 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно- стручно списание:**<br><br>**Saltirovska, Z., Dimitrijoska, S.**, (2016), **„ Gender Dimension of Domestic Violence in the Republic of Macedonia"**, Contemporary Macedonian Defence, vol.15, ISSN 1409- 8199, Ministry of Defence Rebublic of Macedonia, 65- 79. | 3,6 |
| 10 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/ стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:** | 4,8 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
| --- | --- | --- |
| | Dimitrijoska, S., Buzarovska, G., Saltirovska, Z, (2017), „Risk factors for recidivism in juvenile criminal offenders", 5 Scientific journal with Impact Factor: EUSER- EUROPEAN JOURNAL OF SOCIAL SCIENCES EDUCATION AND RESEARCH, Vol.10, Nr.2, ISSN 2411-9563, May August 2017, 167-174 | |
| 11 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/ стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:<br><br>Saltirovska, Z., Dimitrijoska, S., (2017), „ Legal and Institutional Functionality in the Protection of Women- Victims of Domestic Violence in the Republic of Macedonia- Present Situation and Future Perspectives", 5 Scientific journal with Impact Factor: EUSER, EUROPEAN JOURNAL OF SOCIAL SCIENCES EDUCATION AND RESEARCH, Vol.10, Nr.2, ISSN 2411-9563, May August 2017, 131-140 | 5,4 |
| 12 | Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br><br>Saltirovska, Z., (2012), „ Criminal justice reforms in the part of legislature concerned with the protection of women from discrimination and violence", International scientific conference „ Security and Euro- atlantic perspectives of the Balcans", ISBN 978-608-4532-35-4, COBISS.MK- ID 95271178, vol.1, University „St. Kliment Ohridski", Bitola, 632-647 | 3,0 |
| 13 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br><br>Saltirovska, Z., (2013), „EU Internal Security- Mutual Threats and Approach in coping with them", International scientific conference „ The Balkans between past and future: Security, Conflict Resulution and Euro-atlantic integration", ISBN 978-608-4532-35-4, COBISS.MK-ID 95271178, vol.1, University „St. Kliment Ohridski", Bitola, 408-422 | 3,0 |
| 14 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: | 3,0 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | Saltirovska, Z., (2014), „ **Internal Security Policies of EU on Prevention and Combating Terrorism**", , International scientific conference „Macedonia and the Balkans, A Hundred Years After the World War I- Security and Euro- atlantic integrations", COBISS.MK-ID 97703434, vol.2, University „St. Kliment Ohridski", Bitola, 311-324 | |
| 15 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:**<br><br>**Saltirovska, Z.**, (2015), **„Democracy and Human Rights in the Internal Security Policies of EU- An Imperative to the Security of the Region"**, International scientific conference „Researching Security- Approaches, Concepts and Policies", ISBN 978-608-4532-71-2, COBISS.MK-ID 100973834, vol.1, University „St. Kliment Ohridski", Bitola, 141-153 | 3,0 |
| 16 | **Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција:**<br><br>**Салтировска, З.**, (2012), **„ Вклучување на родовите прашања во националните безбедносни политики"**, Годишен зборник, ISSN 0350-18-92, книга 65, Филозофски факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 181-192 | 2,0 |
| 17 | **Учество на научен/ стручен собир со реферат:**<br><br>**Saltirovska, Z.**, презентиран труд: **„ The Position of Women in the Modern Army"** на International Scientific Conference „ Gender Equality and Gender Perspective in Defence and Security", 23-24 April 2013, Ministry of defence Republic of Macedonia, Skopje | 1,0 |
| 18 | **Учество на научен/ стручен собир со реферат:**<br><br>**Saltirovska, Z.**, презентиран труд, **„EU Internal Security- Mutual Threats and Approach in coping with them"**, на International scientific conference „ The Balkans between past and future: Security, Conflict Resulution and Euro- atlantic integration", 05-08 June 2013, Ohrid, Republic of Macedonia, University St. Klimet Ohridski- Faculty of security- Skopje. | 1,0 |
| 19 | **Учество на научен/ стручен собир со реферат:**<br><br>**Saltirovska, Z.**, презентиран труд **„ Internal Security Policies of EU on Prevention and Combating Terrorism"**, на International scientific conference „Macedonia and the Balkans, A Hundred Years After the | 1,0 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | World War I- Security and Euro- atlantic integrations", 3-5 June 2014, Ohrid, University „St. Kliment Ohridski"- Faculty of security- Skopje | |
| 20 | **Учество на научен/ стручен собир со реферат:**<br><br>**Saltirovska, Z.,** презентиран труд „ **EU Policies of Prevention and Dealing with the Violence against Women",** на International Scientific Conference „Contemporary Security Paradigms and Challenges; Theory and Practice", 18-19 September 2015, Ohrid, Republic of Macedonia, University „ Ss. Cyril and Methodius",Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace studies | 1,0 |
| 21 | **Учество на научен/ стручен собир со реферат:**<br><br>**Saltirovska, Z.,** презентиран труд „ **The Development of Private Security and the Dillemas Surrounding the Effects of Private Security Services",** на International Scientific Conference „Private security in the XXI century: Expreiences and Challenges", 15-16 September 2016, Ohrid, Republic of Macedonia, University „ Ss. Cyril and Methodius",Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace studies | 1,0 |
| | **Вкупно** | 68,8 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Стручна монографија:**<br><br>**Салтировска, З.,** (2015), „ **Внатрешна безбедност на Европската Унија",** Филозофски факултет, Скопје | 8,0 |
| 2 | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир:**<br><br>International Scientific Conference: **„Contemporary Security Paradigms and Challenges: Theory and Practice",** Ohrid, 18-19 September, 2015, Faculty of Philosophy, Institute for security, defence and peace studies, Skopje. | 1,0 |
| 3 | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир:** | 1,0 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | International Scientific Conference: „Gender Equality and Gender Perspective in Defence and Security", Skopje, 23-24 April 2013, Ministry of defence Republic of Macedonia. | |
| | Вкупно | 10 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 75,762 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 68,8 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 10 |
| Вкупно | 154,562 |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. Проф. д-р Синиша Даскаловски ср.
2. Проф. д-р Митко Котовчевски с.р.
3. Проф. д-р Тони Милески с.р.

И-Образец 14

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 04-1614/33
Датум: 02-07-2018 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 218 од од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), Одлуката за запирање за започнати постапки за повторен избор во звање редовен професор од Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.02-630/15 од 29. V 2018 година и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофски факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274/2013 – пречистен текст), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет на XI седницата одржана на 27.VI 2018 год., ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за стекнување на звањето редовен професор доживотно**

1. **проф. д-р Зорица Салтировска,** редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Филозофски факултет избран во наставно-научните области (дисциплини): дефендологија, внатрешни безбедносни политики на ЕУ, заштита на културното наследство, род, мир и безбедност, технолошка безбедност, мирот и евроатланските интеграции под број 60620 (друго), на 27.VI 2018 година го стекнува звањето **редовен професор доживотно**.

2. Со денот на стекнување на звањето редовен професор доживотно, за наставно-научните области (дисциплини): дефендологија, внатрешни безбедносни политики на ЕУ, заштита на културното наследство, род, мир и безбедност, технолошка безбедност, мирот и евроатланските интеграции под број 60620 (друго) проф. д-р Зорица Салтировска заснова работен однос на неопределено време со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Филозофски факултет.

**Образложение**

Д-р Зорица Салтировска, редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје –*Филозофски факултет* на 2.X 2017 година е избран/а во наставно-научното звање редовен професор. Врз основа на член 218 од од Законот

за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018), Одлуката за запирање за започнати постапки за повторен избор во звање редовен професор од Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр.02-630/15 од 29. V 2018 година, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

4. Одлуката е доставена до: именуваниот, досието, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

изработил: м-р Игор Панев
проверил: Василка Наумоска
одобрил: проф. д-р Оливер Бакрески